# ЗАКОН ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

“Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/01, 42/03, 47/03, 40/04, 70/06, 126/06, **Одлука на Уставен суд У. бр. 236/06 од 02.05.2007 година- Службен весник број** 60/07, **Одлука на Уставен суд У. бр. 49/07 од 19.09.2007 - Службен весник на РМ број 123/07,** 88/08, 133/09, 171/10, 185/11, 6/12 и Одлука на Уставен суд У бр. 5/2012 од 7.11.2012 година - Сл. весник на РМ број 145/19.11.2012 година -Сл. весник на РМ број 79/31.05.2013 година , Сл. весник на РМ број 188 од 31.12.2013 година и Сл. весник на РМ број 115 од 01.08.2014 година, **Одлука на Уставен суд У. бр. 10/14 од 08.10.2014 година -Службен весник на РМ број 156/14,** 129 од 31.07.2015, 154/2015, 23/16, 11/2018, **Службен весник на РСМ број** 98/2019 и 247 од 17.11.2022 година

Член 1

Со овој закон се уредува воведување и користење на фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања.

Член 2

Даночните обврзници кои вршат промет на добра и промет на услуги за кој плаќањето не се извршува по банкарски пат (во натамошниот текст: готовински плаќања), должни се да воведат и користат одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања и задолжително да издаваат сметка за извршениот промет, односно услугата ( во натамошниот текст: фискална сметка).

За даночните обврзници кои вршат промет на добра и услуги на зелените пазари набавката на одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања ја врши трговецот кој организира зелен пазар на кој се врши трговија на големо и мало.

Член 3

Фискалниот систем на опрема се состои од: фискална апаратура и од интегриран автоматски систем за управување.

Фискалната апаратура се состои од:

- електронски каси со фискална меморија;
- фискални принтери со фискална меморија и
- електронски системи со фискална меморија за регистрирање на прометот на нафтени деривати на мало преку сметачки средства за количината и потрошокот на течни горива (бензиски пумпи,плински пумпи и сл.).

Интегрираниот автоматски систем за управување е систем за постојана електронска комуникација на трговскиот објект со Управата за јавни приходи за секојдневно автоматско пренесување на податоци во вид на дневен финансиски извештај.

Интегрираниот автоматски систем за управување се состои од:

- GPRS терминал (General packet radio service) и
- крипто модул.

Техничките и функционалните карактеристики на интегрираниот автоматски систем за управување ги пропишува министерот за финансии.

Член 3-а

Комуникацијата и преносот на податоците меѓу GPRS терминал и серверот на Управата за јавни приходи се врши преку GPRS мрежа на мобилните оператори во Република Македонија наменета за пренос на податоци.

Мобилните оператори обезбедуваат VPN (Virtual private network) кон даночниот обврзник и серверот на Управата за јавни приходи, постојаност на мрежата и сигурност на податоците кои се пренесуваат преку нивната мрежа од GPRS терминал на даночниот обврзник до серверот на Управата за јавни приходи.

Секоја фискална апаратура се поврзува со GPRS терминал и крипто модул кој се користи за една фискална апаратура.

GPRS терминал и крипто модулот може да бидат надворешно поврзани со фискалната апаратура или вградени во фискалната апаратура.

Даночниот обврзник е должен да го замени крипто медиумот кој е составен дел на крипто модулот на секои три години и заменетиот крипто медиум да го чува најмалку пет години во објектот.

По исклучок од ставот 5 на овој член, крипто медиумот од резервниот фискален систем на опрема се заменува по потреба при негово нефункционирање.

Член 3-б

Даночниот обврзник е должен преку мрежата на мобилните оператори да обезбеди постојана комуникација со серверот на Управата за јавни приходи.

Член 4

Фискална сметка, во смисла на овој закон, е документ со кој се потврдува плаќањето на цената на доброто, односно услугата издадена од фискална апаратура.

Фискална сметка се издава на купувачот на доброто, односно на корисникот на услугата во моментот на предавањето и плаќањето на доброто, односно на извршувањето и плаќањето на услугата.

Ако на купувачот на доброто, односно корисникот на услугата во моментот на предавањето и плаќањето на доброто, односно на извршувањето и плаќањето на услугата не му се издаде фискална сметка, нема обврска да ја плати цената на доброто, односно цената на услугата.*–Се укинува со Одлука на Уставен суд У.бр.236/2006 од 02.05.2007 година-Сл. весник на РМ број 60/16.05.2007 година*.

По исклучок од став 2 на овој член во случај кога трговијата се врши преку посредници или дистрибутери даночниот обврзник фискалната сметка ја издава на дистрибутерот кој е должен да ја врачи на купувачот при плаќање на цената на доброто.

Член 4-а

Ако даночниот обврзник на купувачот на доброто, односно корисникот на услугата во моментот на предавањето на доброто, односно на извршувањето на услугата не му издаде фискална сметка, купувачот на доброто, односно корисникот на услугата нема обврска да ја плати цената на доброто, односно цената на услугата.

Член 5

Фискалната сметка треба да содржи:

1. текст „ФИСКАЛНА СМЕТКА“;
2. реден број на фискалната сметка во тековниот ден;
3. назив и седиште на даночниот обврзник;
4. назив и адреса на објектот за промет на добра и услуги;
5. даночен број ЕДБ;
6. даночен број под кој е регистриран за ДДВ;
7. опис и количина на прометот на добро, односно услуга, цена и износ, по поединечни даночни стапки или даночен код (даночна група);
8. точна даночна стапка изразена во процент или даночен код (даночна група) која е дефинирана на крајот од сметката;
9. евентуални подзбирови;
10. вкупен промет остварен од македонски производи кој треба да биде искажан со текстот „ПРОМЕТ ОД МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ” и не може да се појави на која било друга линија во сметката;
11. пресметан данок од македонски производи прикажан по даночни стапки или даночен код (даночна група);
12. вкупен износ на данок од македонски производи;
13. вкупен промет кој се должи со текст „ВКУПЕН ПРОМЕТ” и не може да се појави на која било друга линија во сметката;
14. вкупен износ на данок;
15. пресметан данок прикажан по даночни стапки, заедно со даночен код доколку се користи;
16. задолжителен опис на плаќањата или делумните плаќања (во готово или со платежна картичка);
17. податоци за кусур доколку го има;
18. уникатен 2D баркод во кој е кодирана содржината на фискалната сметка;
19. час и датум (24 часовен формат: чч-мм или чч:мм и дата во формат дд/мм/гг или дд-мм-гг) на издавање;
20. прогресивен број на фискалната сметка;
21. фискално лого, регистарски број на фискален апарат и регистарски број на фискална меморија и
22. текст „ФИСКАЛНА СМЕТКА”.

Елементите на фискалната сметка треба да бидат искажани по редоследот согласно со ставот 1 на овој член.

Сите износи вклучувајќи го вкупниот збир треба да бидат искажани во денари.

Кога како платежно средство се користат ефективни странски пари во трансакциите со нерезиденти или платежна картичка издадена од странска банка, вкупниот промет се искажува во денари. Апликативната програма врз основа на дневната курсна листа денарите ги претвора во ефективни странски пари и ги искажува на посебна линија на фискалната сметка, додека денарскиот износ се запишува во фискалната меморија.

Сметката која не ги содржи задолжително пропишаните елементи не се смета за фискална сметка.

Образецот на фискалната сметка (ФС-01) го пропишува министерот за финансии.

Член 5-а

Фискалното лого е идентификациона ознака отпечатена на секоја фискална сметка.
Фискалното лого е формирано со ознаките сонце и пораките „ДА КУПУВАМЕ МАКЕДОНСКИ ПРОИЗВОДИ", „ЗА НАШЕ ДОБРО", „Made in Macedonia". Фискалното лого ги има димензиите 10,6 x 22,3 мм.
Фискалното лого, регистарскиот број на фискалниот апарат и регистарскиот број на фискалната меморија можат да се наоѓаат и во три последователни различни линии.
Образецот фискално лого (ФЛ-04) го пропишува министерот за финансии.

Член 5-б

Даночниот обврзник при издавање на секоја фискална сметка преку фискалниот систем на опрема е должен точно да ги внесе податоците во фискалната сметка за опис и количина на прометот на добро, односно услуга, како и задолжителниот опис на плаќањата или делумните плаќања (во готово или со платежна картичка).

Член 6

Купувачот на доброто, односно корисникот на услугата е должен да побара фискална сметка и истата да ја чува до 15 метри од напуштањето на местото на прометот на доброто, односно на услугата, заради контрола.
Кога местото на прометот на добро, односно услуга се наоѓа во заеднички простории со други објекти, на пазар или во состав на трговски комплекс, како место на напуштање се смета напуштањето на објектот од заедничките простории, пазарот односно трговскиот комплекс.

Член 7

Даночниот обврзник е должен, на видно место, да постави соопштение со кое го информира купувачот на добро, односно корисникот на услуга за неговата обврска да бара фискална сметка.
Ако даночниот обврзник од ставот 1 на овој член, на купувачот на доброто, односно корисникот на услугата во моментот на предавањето и плаќањето на доброто, односно на извршувањето и плаќањето на услугата не му издаде фискална сметка, купувачот на доброто односно корисникот на услугата нема обврска да ја плати цената на доброто, односно цената на услугата. *се укинува со Одлука на Уставен суд У бр. 5/2012 од 7.11.2012 година -Сл. весник на РМ број 145/19.11.2012 година*.

Член 8

Фискална сметка се состои од бонов и контролен траг кои се идентични и се запишуваат истовремено . Исечок од боновиот траг се дава на купувачот на добро, односно на корисникот на услуга, а контролниот траг го задржува даночниот обврзник.
Контролниот траг освен на хартиен медиум може да се запишува и на електронски медиум. Електронската контролна трага треба да гарантира небришливост на податоците по исполнување на капацитетот и неможност за печатење на фискална сметка.
Даночниот обврзник е должен хартиената, односно електронската контролна трага од фискалната сметка да го чува во објектот пет години од датумот на последната операција.

Член 9

Обврската да се воведе и користи одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања, не се однесува на:

- даночни обврзници кои данокот од доход за приходите од вршење на дејност го плаќаат според паушално утврден нето приход, освен таксистите;
- лицата кои не се трговци за прометот на непреработено и сопствено земјоделско производство што го вршат на тезги на пазари, како и надвор од пазарите;
- физички лица кои издаваат под закуп стамбен или деловен простор;
- лицата кои вршат дејности во објекти што се наоѓаат во населени места со број на жители под 300 луѓе и кои се сместени во високопланински и тешко достапни места со исклучок на туристички места ;
- лицата кои вршат улична продажба на весници и списанијаколпортерска продажба;
- лицата кои вршат улична продажба на лозовите што се употребуваат при приредување на игрите на среќа од типот инстант лотарија како и на картичките што се употребуваат при приредување на игрите на среќа од типот томбола;
- лицата кои извршуваат континуиран промет, за кои издаваат сметки и за кои се предвидени последователни плаќања (испорака на струја, вода, телефонски услуги, греење и ладење и друго).
- продажба на добра или услуги преку автомати за продажба кои работат со монети и книжни пари.

Член 9-а

Владата на Република Македонија, може, тргнувајќи од техничките и функционалните карактеристики на фискалните системи на опрема и специфичностите на одредени дејности, активности или трансакции, на предлог на министерот за финансии да донесе одлука за ослободување од обврската за користење на фискална апаратура и/или интегриран автоматски систем за управување.

Даночните обврзници кои се ослободени од обврската за користење на фискална апаратура и/или интегриран автоматски систем за управување согласно членот 9 и ставот 1 на овој член, а кои истовремено вршат дејности, активности или трансакции кои не се ослободени од обврската за користење на фискална апаратура и/или интегриран автоматски систем за управување, се должни секој поединечен промет при вршење на овие дејности, активности или трансакции да го евидентираат преку фискална апаратура и/или интегриран автоматски систем за управување.

Член 10

Во случај на враќање на добро, при рекламација или при грешно преклопување (сторна трансакција) се издава документ касова сметка за сторна трансакција кон која треба да се приложи фискалната сметка која се сторнира.

Не е дозволено издавање на документ касова сметка за сторна трансакција при продажба на нафтени деривати на мало и автотакси превоз.

Документот од став 1 на овој член ја пропишува министерот за финансии.

Член 10-а

Не е дозволено издавање сметка за сторна трансакција по истекот на 15 минути од издавањето на фискалната сметка во случај на:

- вршење на промет на храна и пијалоци за конзумирање во рамки на објектот на давателот на услугата и
- приредување на игри на среќа во обложувалници уредени согласно со закон.

Член 11

Даночниот обврзник е должен да монтира, воведе во користење и да го користи фискалниот систем на опрема од самото пуштање на објектот во употреба.
Даночниот обврзник е должен да воведе и да користи фискален систем на опрема за секое работно место од каде што се извршува прометот на добра или услуги кои готовински се наплатуваат.
Во објекти, во кои се вклучени за користење една или повеќе од една фискална апаратура, податоците од вклучувањето на секоја апаратура се регистрираат во книгата за дневните финансиски извештаи.
Даночниот обврзник е должен да води книга за дневни финансиски извештаи.
Формата и содржината на книгата за дневни финансиски извештаи од ставот 4 на овој член ја пропишува министерот за финансии.

Член 12

Не е дозволен промет на добра и услуги кои не се вршат преку монтиран и воведен во користење одобрен фискален систем на опрема, освен во случаите кога е потребен ремонт или поправка на фискалната апаратура односно надворешниот GPRS терминал, а обврзникот не е должен да поседува резервен фискален систем на опрема.
Не е дозволен промет (продажба) на нафтени деривати ако нема инсталирано одобрен електронски систем со фискална меморија за извршениот промет од продажба на нафтени деривати на мало.
Не е дозволен промет (продажба) на нафтени деривати при нарушена врска во електронскиот систем со фискална меморија за извршениот промет од продажба на нафтени деривати на мало.
Во случаите од ставот 1 на овој член, даночниот обврзник е должен за извршениот промет на добра и услуги да издава парагон блок и да води итна сметководствена книга заверени од Управата за јавни приходи врз основа на доставена пријава.
Не е дозволено автотакси превозници и даночни обврзници кои вршат промет на нафта и нафтени деривати на мало (бензински пумпи, плински пумпи и други) да издаваат парагон блок.
Министерот за финансии го пропишува образецот на пријавата за заверка на парагон блок и итна сметководствена книга од ставот 4 на овој член.

Член 13

Даночниот обврзник чиј просечен промет во деловниот објект надминува 1.000.000 денари во претходната година, со исклучок на даночните обврзници кои вршат промет на нафтени деривати на мало (бензиски пумпи) и автотакси превозници, е должен да регистрира резервен фискален систем на опрема, кој се користи во случај на оштетување и ремонт на главниот фискален систем на опрема.

Даночниот обврзник кој во деловниот објект има воведено во употреба два или повеќе фискални системи на опрема, не е должен да регистрира резервен фискален систем на опрема за тој деловен објект.
Даночниот обврзник е должен резервниот фискален систем на опрема да го користи до моментот на отстранувањето на оштетувањето или дефектот и ставањето во употреба на главниот фискален систем на опрема.

Член 14

Заради правилно евидентирање на прометот даночниот обврзник е должен фискалниот систем на опрема да го чува и одржува во исправна состојба.
Даночниот обврзник - корисник на фискален систем на опрема е должен да го сервисира фискалниот систем на опрема кај овластен сервисен центар на производителот на фискална апаратура, односно на интегриран автоматски систем на управување од кого истиот е набавен.
Производителот на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување пред продажбата на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување е должен да го запознае корисникот на фискален систем на опрема со функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема и да обезбеди упатство и обука за употреба на фискален систем на опрема.
Производителот на фискален систем на опрема е должен, без надоместок, на корисникот на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, да му обезбеди навремено сервисирање во гарантниот рок.

Член 15

Правните лица коишто се заинтересирани за вршење на производство и продажба на фискален систем на опрема треба да поднесат барање до Управата за јавни приходи за добивање на дозвола за одобрување на производство и продажба на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување.
Министерството за финансии во рок од 30 дена по доставен предлог на Управата за јавни приходи издава дозвола за одобрување на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, со важност од шест години.
Два месеца пред истекот на рокот на важност на дозволата од ставот 2 на овој член производителот на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување може до Управата за јавни приходи да достави барање за продолжување на рокот на важноста на дозволата, која до Министерството за финансии доставува предлог по што Министерството за финансии во рок од 30 дена издава дозвола за продолжување на дозволата за четири години.
Производителот на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување е должен редовно да обезбедува резервни делови, техничка помош, сервисирање и превентивна проверка на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување десет години од денот на истекот на рокот на важност на дозволата на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување.

Министерот за финансии го пропишува начинот за одобрување и продолжување на дозволата на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување.
Министерот за финансии ги пропишува формата и содржината на барањата од ставовите 1 и 3 на овој член.

Член 16

Дозвола од членот 15 став 2 од овој закон може да стекне правно лице кое ќе ги исполни следниве услови:

1. да е регистрирано за вршење на дејност во Централниот регистар на Република Македонија;
2. да обезбеди информација за економско финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија;
3. да не е во стечај или ликвидација;
4. да не му е изречена мерка на безбедност-забрана на вршење на дејност;
5. да има обезбедено банкарска гаранција;
6. да обезбедува редовно резервни делови, техничка помош и сервисирање;
7. да обезбеди 3 сервисни центри во Република Македонија како и сервисен центар во регионална дирекција, на чие подрачје се продадени над 1.000 фискални системи на опрема;
8. да обезбеди најмалку една проверка годишно на продадената фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување како превентивна проверка без надоместок;
9. да обезбеди поправка или замена на фискалната апаратура во текот на 72 часа од барањето за интервенција од корисникот на апаратурата на самото место или во сервисниот центар;
10. да има расположива опрема и други физички капацитети;
11. да располага со залихи од репроматеријали за производство и сервисирање на фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување;
12. да располага со стручен кадар потребен за производство и сервисирање на фискална апаратура и интегриран автоматски систем за управување;
13. фискалната опрема која ја произведува и продава да биде произведена во согласност со дадените стандарди и одредбите на подзаконскиот акт од членот 15 став 5 од овој закон;
14. да располага со извештај со целосна документација од тестирањето на пробниот модел од соодветниот тип и модел на фискалниот систем на опрема издаден од независно акредитирано правно лице од членот 19-а од овој закон;
15. да располага со опис на конструкцијата, функционалноста на опремата и сигурносната опрема која гарантира точност во работењето и
16. да располага со документација за GPRS терминалите.

Продолжување на дозволата од членот 15 став 3 од овој закон може да добие правно лице кое ќе ги исполни условите од ставот 1 точки 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11 и 12 на овој член.
Доказите со кои се докажува исполнетост на условите од ставот 1 точки 1, 2, 3 и 4 на овој член ги прибавува овластено службено лице во Управата за јавни приходи кое ја води

постапката за доставување на предлогот од членот 15 ставови 2 и 3, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (3) на овој член да ги достави во форма пропишана со Законот за општата управна постапка во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Член 16-а

Банкарската гаранција од членот 16 став 1 точка 5 од овој закон, производителот на фискален систем на опрема е должен да ја обезбеди за целиот период на важност на одобрувањата за производството и користењето на соодветни модели на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, како и за период од десет години по денот на истекот на рокот на важност на важечкото одобрување на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување.
Износот на банкарската гаранција се менува во зависност од бројот на продадени фискални апаратури, односно интегрирани автоматски системи на управување со кои производителот учествува на пазарот.
Пред издавањето на првата дозвола за одобрување на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување, производителот е должен да обезбеди банкарска гаранција со важност од две години од денот на добивањето на одобрувањето на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура во висина од 300.000 евра.
По истекот на рокот на важност на банкарската гаранција од ставот 3 на овој член производителот на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување е должен на секои две години да обезбеди нова банкарска гаранција со важност од две години.
Вредноста на банкарската гаранција од ставот 4 на овој член која се обезбедува по истекот на првите две години од денот на добивањето на одобрувањето на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура и секоја наредна банкарска гаранција по истекот на претходната, се утврдува во зависност од бројот на фискални апаратури, односно интегрирани автоматски системи на управување со кои производителот на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување учествува на пазарот, и тоа:
- 100.000 евра за продадени до 10.000 фискални системи на опрема,
- 200.000 евра за продадени од 10.001 до 20.000 фискални системи на опрема,
- 300.000 евра за продадени од 20.001 до 30.000 фискални системи на опрема,
- 400.000 евра за продадени од 30.001 до 40.000 фискални системи на опрема,
- 500.000 евра за продадени од 40.0001 до 50.000 фискални системи на опрема и
- 600.000 евра за продадени над 50.000 фискални системи на опрема.
Производителот на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување е должен да ја приложи банкарската гаранција од ставот 5 на овој член до Министерството за финансии најмалку 30 дена пред истекот на важноста на претходно приложената гаранција.

Доколку поради делумно активирање на банкарската гаранција, нејзиниот износ се намали под износот утврден во согласност со овој член, производителот е должен да го дополни износот на банкарската гаранција до полниот износ утврден во согласност со ставовите 3 и 5 на овој член во рок од 30 дена од денот на делумното активирање на банкарската гаранција.

Член 16-б

Доколку производителот на одобрениот модел на фискална апаратура не се придржува кон условите утврдени во членовите 16 и 16-а од овој закон, Министерството за финансии ќе ја активира банкарската гаранција целосно или делумно со цел надоместување на материјалната штета предизвикана од повреда на членовите 16 и 16-а од овој закон.

Член 17

Доколку производителот на одобрениот модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување не се придржува кон условите утврдени во членовите 16 и 16-а од овој закон, Министерството за финансии ќе ја одземе издадената дозвола за одобрување на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување.

Министерот за финансии го пропишува начинот на одземање на дозволата за одобрување на производството и продажбата на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување.

Член 18 (Се брише)

Член 19

Министерот за финансии ги пропишува функционалните и технички карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем за управување, постапката и документацијата за нивно одобрување за производство и продажба, елементите на фискалната сметка, начинот на проверка и контрола на фискалните апарати и правила за техничко одржување и сервисирање на истите.

Член 19-а

Контролата и проверката на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема ги вршат независни акредитирани правни лица овластени од Министерството за финансии, кои ги исполнуваат условите од ставот 3 на овој член.

Овластувањето од ставот 1 на овој член се издава на правно лице за период од пет години.

Овластувањето од ставот 1 на овој член може да се издаде на правно лице кои ги исполнува следниве услови:

- да е регистрирано за вршење на дејноста во Централниот регистар на Република Македонија,
- да не е во постапка на стечај или ликвидација,
- да нема неплатени даноци, придонеси и други јавни давачки,
- во моментот на поднесување на барањето за добивање овластување за вршење на контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за

вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност; споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство; споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност, додека траат последиците од прекршочната санкција и споредната казна,
- да е акредитирано за контрола на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема од страна на Институтот за акредитација на Република Македонија, согласно барањата за акредитација на контролни тела,
- да располага со соодветни простории за работа,
- да има вработено најмалку три лица со високо образование од областа на електроника и информатика, кои имаат најмалку пет години работно искуство во областа,
- да располага со опрема за испитување на степен на заштита, испитување на удари и потискување, испитување на температурните и атмосферските влијанија, испитување на запаливост, испитување на напојувањето и протокот на струја, испитувањето на влијание од електромагнетни полиња и друго,
- да има план и начин на вршење на проверката и контролата на системот на фискалната апаратура како и обемот на истата и
- да не врши советодавна активност за субјектите над кои врши контрола.

Доказите со кои се докажува исполнетост на условите од ставот 3 алинеи 1, 2, 3 и 4 на овој член ги прибавува овластено службено лице во Министерството за финансии кое ја води постапката за издавање на овластувањето од ставот 1 на овој член, кое е должно во рок од три дена од денот на приемот на барањето да ги побара доказите од надлежниот јавен орган.
Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот (4) на овој член да ги достави во форма пропишана со Законот за општата управна постапка во рок од три дена од денот на приемот на барањето.
Документите за исполнетоста на условите од ставот 3 алинеи 5, 6, 7, 8, 9 и 10 на овој член се доставуваат во оригинал или во заверен препис од страна на нотар.

Член 19-б

За издавање на овластување на независни акредитирани правни лица за вршење на контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема, заинтересираните субјекти доставуваат барање за добивање овластување за вршење на контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема до Министерството за финансии со докази за исполнетост на условите од членот 19-а од овој закон, како и увид во својата организациска структура и ценовник по кој ќе ги наплатуваат услугите.
Барањето од ставот 1 на овој член го разгледува Комисија формирана од министерот за финансии за проверка на поднесена документација од правни лица кои поднеле барање за добивање овластување за вршење на контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема (во натамошниот текст: Комисијата). Комисијата е составена од пет членови од кои претседател на комисијата и еден член кои ги номинира Министерството за финансии, двајца членови кои ги

номинира Управата за јавни приходи и еден член кој го номинира Министерството за информатичко општество и администрација и нивни заменици кои ги номинираат соодветните
институции.
На предлог на Комисијата, Министерството за финансии во рок од 30 дена издава решение за издавање на овластување за контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема на правното лице за кое ќе се утврди дека ги исполнува условите од членот 19-а од овој закон.
Министерот за финансии ја пропишува формата и содржината на барањето од ставот 1 на овој член и потребната документација за исполнување на условите утврдени во членот 19-а од овој закон и ставот 1 на овој член.
Документите од ставот 1 на овој член од кои може да се увиди организациската структура на правното лице и ценовникот по кој ќе се наплатуваат услугите се доставуваат од барателот во оригинал или во заверен препис од страна на нотар.

Член 19-в

Правното лице овластено за контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема е должно да ги исполнува условите утврдени во согласност со членот 19-а од овој закон во текот на целиот период на важност на овластувањето.
Правното лице овластено за контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема е должно да не наплаќа цени повисоки од цените за услугите доставени во прилог на барањето за добивање овластување за вршење на контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема согласно со членот 19-б став 1 од овој закон.
Доколку од страна на Управата за јавни приходи ќе биде утврдено постапување спротивно на ставовите 1 и 2 на овој член, за констатираната неправилност се известува Министерството за финансии, кое донесува решение за одземање на овластувањето за контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема од правното лице.
Против решението од ставот 3 на овој член правното лице може да поведе управен спор.

Член 20

Управата за јавни приходи воспоставува Регистар на одобрени и регистрирани фискални системи на опрема согласно со Законот за општата управна постапка. Формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 20-а

Управата за јавни приходи врши контрола над спроведувањето и примената на одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон.

Контролата ја вршат даночни инспектори и даночни контролори.

За вршење на контролата на даночниот обврзник му се доставува налог за контрола непосредно пред започнување на контролата.

По исклучок од ставот 3 на овој член, во случај кога е непознат идентитетот на даночниот обврзник, налогот за контрола се доставува на почетокот на контролата или најдоцна до завршувањето на контролата, во случај кога со непосредно предавање на налогот за контрола би се спречила или попречила контролата.

Доколку при вршењето на контролата, даночниот инспектор или даночниот контролор утврди дека даночниот обврзник нема воведено фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања составува записник во кој ја внесува констатираната незаконитост. Врз основа на констатираната незаконитост Управата за јавни приходи донесува решение со кое на даночниот обврзник ќе му забрани вршење на дејност во деловната просторија во траење од 30 дена.

Доколку при вршењето на контролата даночниот инспектор или даночниот контролор утврди дека даночниот обврзник прометот не го регистрира преку фискален систем на опрема или не издава фискална сметка на купувачите, односно на корисниците на услугата, составува записник во кој ја внесува констатираната незаконитост. Врз основа на констатираната незаконитост Управата за јавни приходи донесува решение со кое на даночниот обврзник ќе му забрани вршење на дејност во деловната просторија до плаќање на глобата, но не подолго од 15 дена.

Доколку при вршењето на контролата кај даночниот обврзник, даночниот инспектор или даночниот контролор по втор пат утврдат ист прекршок од ставот 6 на овој член, во рок од две години од денот на изрекување на последниот прекршок од страна на даночниот инспектор или даночниот контролор, Управата за јавни приходи донесува решение со кое на даночниот обврзник ќе му забрани вршење на дејност во деловната просторија во траење од 15 дена.

Доколку при вршењето на контролата се утврди повторување на ист прекршок од ставот 7 на овој член, во рок од две години од денот на изрекување на последниот прекршок од страна на даночниот инспектор или даночниот контролор, тогаш Управата за јавни приходи донесува решение со кое на даночниот обврзник ќе му забрани вршење на дејност во деловната просторија во траење од 30 дена. Такво решение ќе се донесе за секое повторување на прекршокот во рок од две години од денот на изрекување на последниот прекршок од страна на даночниот инспектор или даночниот контролор.

Доколку даночниот обврзник во рокот определен со решението од ставот 5 на овој член не ги отстрани утврдените незаконитости, Управата за јавни приходи ќе донесе решение со кое на даночниот обврзник ќе му забрани вршење на дејност во деловната просторија во траење од 30 дена.

Против решението од ставовите 5, 6, 7, 8 и 9 на овој член даночниот обврзник може да поведе управен спор пред надлежниот суд. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Член 20-б (се брише)

Член 20-в (се брише)
Член 20-г (се брише)

Член 20-д

На даночниот обврзник на кого му е изречена мерка забрана за вршење дејност поради немање на фискален апарат, а во рокот на траење на забраната за вршење на дејност набави и има намера да инсталира фискална апаратура, Управата за јавни приходи ќе му овозможи влегување во деловните простории заради вршење на работи сврзани со нејзиното ставање во функција.

Член 20-ѓ

На барање на даночниот обврзник на којшто му е изречена привремена забрана за вршење на дејност заради непоседување на фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања, Управата за јавни приходи, за време на траењето на забраната за вршење на дејност, ќе го отпечати деловниот простор и ќе му дозволи да продолжи со вршење на дејноста во истиот, доколку даночниот обврзник набавил и инсталирал фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања и ја платил глоба.

Член 20-е (се брише)
Член 20-ж (се брише)
Член 20-з (се брише)

Член 21

Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (микро трговец), од 600 до 1.500 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (мал трговец), од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (среден трговец) и од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако:

1. на видно место не поставил соопштение со кое го информира купувачот на добро, односно корисникот на услуга за неговата обврска да бара фискална сметка (член 7),
2. не го чува контролниот траг од фискалната сметка во објектот (член 8 став 2);
3. не го чува електронскиот контролен траг по исполнување на капацитетот (член 8 став 3);
4. не го чува крипто медиумот најмалку пет години (член 3-а став 5);
5. не води книга за дневни финансиски извештаи (член 11 став 4);
6. не закупи и не регистрира резервна фискална апаратура (член 13).
7. преку мрежата на мобилните оператори не обезбеди постојана комуникација со серверот на Управата за јавни приходи (член 3-б).

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (среден трговец) и од 200 до 500

евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член.
Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност на даночен обврзник - трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност ќе им се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 21-а

Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (микро трговец), од 600 до 1.500 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (мал трговец), од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (среден трговец) и од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако:

1. издаде сметка која не ги содржи пропишаните елементи (член 5 став 1);

1-а) во фискалната сметка неточно го внесе податокот за задолжителниот опис на плаќањата или делумните плаќања (во готово или со платежна картичка) (член 5-б);

1-б) кон издадената сметка за сторна трансакција не ја приложи фискалната сметка која се сторнира (член 10 став 1);

2. издаде документ касова сметка за сторна трансакција при продажба на нафтени деривати на мало и авто-такси превоз. (член 10 став 2)

2-а) издаде сметка за сторна трансакција при вршење на промет на храна и пијалоци за конзумирање во рамки на објектот на давателот на услугата и при приредување на игри на среќа во обложувалници по истекот на 15 минути од издавањето на фискалната сметка (член 10-а);

3. не води итна сметководствена книга за извршениот промет на добра, односно на услуга (член 12 став 2);

4. не ги чува и одржува во исправна состојба фискалните апарати (член 14 став 1).

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорно лице во правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член.
Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност на даночен обврзник - трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност ќе им се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 21-б

Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (микро трговец), од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (мал трговец), од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (среден трговец) и од 4.000 до 10.000

евра во денарска противвредност на даночен обврзник правно лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако:

1. не воведе и користи одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовински плаќања (член 2 став 1);
2. не издава фискална сметка за извршениот промет на добра, односно на услуга (член 2);
3. не користи фискален систем на опрема (член 11 став 2);
4. врши промет на нафтени деривати без инсталиран одобрен електронски систем со фискална меморија (член 12 став 2)
5. врши промет на нафтени деривати при нарушена врска во електронскиот систем (член 12 став 3)"
6. не издава парагон блок за извршениот промет на добра, односно на услуга (член 12 став 2)
7. издава парагон блок за извршениот промет на добра, односно на услугата (член 12 став 5);
8. не набави одобрен фискален систем на опрема за регистрирање на готовинските плаќања (член 2 став 2);

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност на даночен обврзник трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност ќе им се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 21-в

Глоба во износ од 20 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице - купувач на добро, односно корисник на услуга доколку не побара фискална сметка или фискалната сметка не ја чува до 15 метри од напуштањето на местото на прометот на доброто, односно на услугата (член 6 став 1).

Член 21-г

Глоба во износ од 600 до 1.000 евра во денарска противвредност на производителот на фискален систем на опрема (правно лице - микро трговец), од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност на производителот на фискален систем на опрема (правно лице -мал трговец), од 3.000 до 6.000 евра во денарска противвредност на производителот на фискален систем на опрема (правно лице - среден трговец) и од 4.000 до 10.000 евра во денарска противвредност на производителот на фискален систем на опрема (правно лице - голем трговец) ќе му се изрече за прекршок, ако:

1. не обезбеди банкарска гаранција во роковите наведени во членот 16-а од овој закон;
2. не обезбеди редовно резервни делови, техничка помош и сервисирање;

3. не обезбеди три сервисни центри во Република Македонија, како и сервисен центар во регионална дирекција, на чие подрачје се продадени над 1.000 фискални системи на опрема и
4. не изврши поправка или замена на фискалната апаратура во текот на 72 часа од барањето за интервенција од корисникот на апаратурата на самото место или во сервисниот центар (член 16 став 1 точка 9).

Глоба во износ од 50 до 250 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (микро трговец), од 100 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (мал трговец), од 150 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (среден трговец) и од 200 до 500 евра во денарска противвредност на одговорното лице во правното лице (голем трговец) ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член.

Член 21-д

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице во Министерството за финансии ако не одлучи во роковите утврдени во членовите 15 ставови 2 и 3 и 19-б став 3 по поднесено уредно барање кон кое се приложени сите потребни докази.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице во Управата за јавни приходи, односно Министерството за финансии ако не ги побара доказите по службена должност во рокот утврден во членовите 16 став 3 и 19-а став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членовите 16 став 4 и 19-а став 5 од овој закон.

За прекршоците од ставовите 1, 2 и 3 на овој член прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд.

Член 22

За прекршокот од членот 21-б од овој закон на правното лице, трговецот поединец, одговорното лице во правното лице и лице кое самостојно врши дејност може да им се изрече прекршочна санкција привремена забрана за вршење на професија, дејност или должност согласно со Законот за прекршоците.

Член 23 (се брише)

Член 23-а

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице, трговец поединец, лице кое самостојно врши дејност и одговорното лице во правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

Член 23-б

За прекршоците од овој закон за кои глобата е утврдена до најмногу 250 евра во денарска противвредност за трговец поединец и лице кое самостојно врши дејност, 500 евра во

денарска противвредност за одговорното лице во правното лице и 1.000 евра во денарска противвредност за правни лица, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува прекршочниот орган.
За прекршоците од овој закон за кои глобата за лицата од ставот 1 на овој член е утврдена над износите од ставот 1 на овој член, прекршочна постапка води и прекршочни санкции изрекува надлежен суд.
Прекршочната постапка против одговорното лице во правното лице ја води судот или прекршочниот орган, во зависност од тоа кој е надлежен за водење на прекршочната постапка за правното лице.

Член 24

Примена на фискална апаратура според овој закон ќе започне од:

- 1 август 2001 година до 30 ноември 2001 година - за даночни обврзници чиј промет е над 20.000.000,00 денари во 2000 година, како и за даночни обврзници кои вршат угостителска дејност и трговија на мало - маркети и на промет на нафтени деривати на мало (бензиски пумпи);
- 1 август 2001 до 28 февруари 2001 година - за даночни обврзници чиј промет е над 10.000.000,00 денари во 2000 година;
- 1 август 2001 до 31 мај 2002 година - за останати даночни обврзници и обврзници чиј што начин на продажба бара мобилен фискален апарат.

Член 25

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престануваат да важат одредбите од:
- член 54 и член 59 став 1 точка 6 од Законот за данокот на додадена вредност;
- член 14 став 1 точка 3 и член 49 став 1 точка 12 од Законот за трговија;
- член 31 став 1 точка 3 и член 46 став 1 точка 10 од Законот за вршење на туристичка и угостителска дејност.
- член 60 и член 144 став 1 точка 4 од Законот за персонален данок од доход.

Член 26

Министерот за финансии во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон го донесува актот од член 19 на овој закон.

Член 27

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања (“Службен весник на РМ”, број 42/03)**

**Член 12**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 40/04)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија"

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 70/06)**

**Член 5**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 126/06)**

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 88/08)**

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 133/09)**

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 171/10)**

**Член 10**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 185/11)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 06/12)**

**Член 13**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

**Член 23**

Инсталирањето на интегрираниот автоматски систем за управување според овој закон ќе започне од:

- 1 мај 2014 до 31 јули 2014 година, за даночни обврзници чиј промет во претходната година надминува 10.000.000 денари, даночни обврзници кои вршат угостителска дејност и за даночни обврзници кои вршат промет на нафтени деривати на мало (бензиски пумпи) и
- 1 мај 2014 до 31 октомври 2014 година, за сите други даночни обврзници.

**Член 24 (се брише)**

********

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања (“Службен весник на РМ”, број 79/2013)**

**Член 25**

Од денот на започнувањето на примена на овој закон во рок од две години може да се произведува и продава постојната фискална апаратура поврзана со надворешен GPRS терминал и крипто модул.

**Член 26**

Министерот за финансии во рок од 90 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон го донесува подзаконскиот акт од членот 1 став 2 од овој закон

**Член 27**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”, а ќе се применува од 1 мај 2014 година

********

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања (“Службен весник на РМ”, број.188 од 31.12.2013 година**

**Член 4**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања (“Службен весник на Република Македонија” број 79/13), во членот 23 алинеја 1 зборот “јануари“ се заменува со зборот “мај“, а зборот “март“ се заменува со зборот “јули“.
Во алинејата 2 зборот “јануари“ се заменува со зборот “мај“, а датата “30 јуни“ се заменува со датата “31 октомври“.

**Член 5**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања (“Службен весник на Република Македонија” број 79/13), во членот 27 зборот “јануари“ се заменува со зборот “мај“.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија..

********

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања (“Службен весник на РМ”, број.115 од 01.08.2014 година**

**Член 19**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ број 79/13), во членот 23 алинеја 1 датата „31 јули 2014 година“ се заменуваат со датата „ 31 октомври 2014 година“.
Во алинејата 2 датата „31 октомври 2014“ се заменуваат со датата „31 јануари 2015 година“.

**Член 20**

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ број 79/13), членот 24 се брише.

**Член 21**

Подзаконските прописи утврдени со овој закон, ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 22**

Производителите на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување кои се стекнале со дозволи за одобрување на производство и користење на соодветен модел на фискална апаратура, односно интегриран автоматски систем на управување треба да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Доколку имателите на дозвола не го усогласат своето работење до истекот на рокот од ставот 1 на овој член, дозволата ќе се одземе.

**Член 23**

Правните лица кои се стекнале со овластување за вршење на контрола и проверка на функционалните и техничките карактеристики на фискалниот систем на опрема се должни да го усогласат своето работење со одредбите од овој закон во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Доколку имателите на овластување не го усогласат своето работење до истекот на рокот од ставот 1 на овој член, овластувањето ќе се одземе.

**Член 24**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за регистрирање на готовински плаќања.

**Член 25**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“

********

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 129/2015)**

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија.

********

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 154/2015)**

**Член 2**

Започнатите постапки по жалба согласно со Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија" број 31/2001, 42/2003, 40/2004, 70/2006, 126/2006, 88/2008, 133/2009, 171/10, 185/11, 6/12, 79/13, 188/13 и 115/14), до денот на влегување во сила на овој закон ќе се завршат согласно со законот по кој биле започнати.
Предметите во второстепена управна постапка по кои одлучувал министерот за финансии или од него овластено лице, а по кои е поведен управен спор до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со законот по кој била започната постапката.

**Член 3**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

********

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања ("Службен весник на РМ", број 23/2016)**

**Член 11**

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 12**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 13**

Одредбите на членовите 1 и 2, членот 3 со кој се менува членот 16 ставови 3 и 4 и членовите 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 на овој закон ќе започнат да се применуваат со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).

**Член 14**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

********

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања (“Службен весник на РМ”, број 11/2018)**

**Член 2**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**Од Законот за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовинските плаќања (“Службен весник на РСМ”, бр. 247/2022)**

Член 8

Постапките по прекршоци започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според одредбите на Законот за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).

Член 9

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.